SYMPOSION

П О К А Н А

за учество на еднодневна работилница на тема:

„ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈН“

(8 јуни – на отворено, во ресторан „БЕЛА ВОДА“ – Велешко Езеро)

КОЈА Е ЦЕЛТА НА РАБОТИЛНИЦА?

Имајќи предвид дека најголем број од изјавените жалби во постапките за јавна набавка се упатени на адреса на погрешно спроведена евалуација на понудите од страна на договорните органи и несоодветниот избор на најповолна понуда, цениме дека е вистински момент да се посвети една работилница токму на оваа тема, со цел надминување на проблемите и успешна евалуацијата на понудите согласно ЗЈН како клучен момент во спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки.

ЗОШТО ДА УЧЕСТВУВАТЕ НА РАБОТИЛНИЦАТА?

За да ги разјасниме и решиме сите дилеми и проблеми, како на економските оператори, така и на договорните органи, кои се јавуваат како резултат на евалуација на понудите. Затоа Ве поканuваме на контакт адресата на Симпозион да ни доставите Ваши конкретни прашања и проблеми од наведената тема, со цел заедно да ги обработиме, бидејќи искуството на секој поединец е искуство за сите нас.

НАША ЦЕЛ СО ОВАА РАБОТИЛНИЦА Е ВАША ПОГОЛЕМА СИГУРНОСТ И УСПЕШНОСТ ВО УЧЕСТВОТО И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ.

ЗА КОГО Е НАМЕНЕТА РАБОТИЛНИЦАТА?

Работилницата е наменета за **ДОГОВОРНИ ОРГАНИ** (одговорно лице, лица за јавни набавки, членови на комисии за јавни набавки, надворешни стручни лица кои ѝ помагаат на комисијата при евалуацијата), **ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОРИ** (управители, лица кои ги подготвуваат понудите), лица од академската заедница кои ги изучуваат јавните набавки, студенти кои ги изучуваат јавните набавки, невладиниот сектор, кој будно ја следи состојбата во важните домени на нашата држава, и сите лица чие работење е во допир со јавните набавки.

ШТО ЌЕ ОПФАТИ РАБОТИЛНИЦАТА?

- Сите чекори во процесот на евалуација на понудите.
- Одредување на процедурални правила во тендерската документација како предуслов за успешна евалуација.
- Спроведување на евалуација на понудите исклучиво согласно предвидените критериуми во тендерската документација.
- Што се подразбира под „појаснување“ или „дополнување“ на документите и/или понудите во фаза на евалуација?
- Кои податоци на понудувачите може да бидат заштитени во фаза на евалуација?
- Зошто ДО може да имаат проблеми при евалуација на понудите?
- Зошто ЕО (понудувачите) можат да имаат проблеми во фазата на евалуација?

Друштво за едукација, консалтинг и други интелектуални услуги
СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје
ул. Франклин Рузвелт 54/1-16
e-mail: info@simpozion.mk
тел.: 078 271 576
www.simpozion.mk

SYMPOSION

- Кои се правата и обврските на економските оператори и договорните органи во фазата на евалуација на понудите и насочување на вистинскиот пат со цел успешно завршување на спроведена постапка
- Сеопфатни и конструктивни одговори на сите ваши поставени прашања и проблеми, добиени по електронски пат или поставени на работилницата

КАКО ЌЕ СЕ СПРОВЕДЕ ОВАА РАБОТИЛНИЦА?

На високо интерактивно ниво, со многу практични примери, прашања, одговори, студии на случај, дискусии.

КОИ СЕ ПРЕДАВАЧИТЕ ШТО ЌЕ ЈА ВОДАТ РАБОТИЛНИЦАТА?

РИТА ГЛИГОРИЈЕВСКА, М-Р НА ПРАВНИ НАУКИ – Раководител на Секторот за нормативна дејност, обуки и меѓународни односи во Бирото за јавни набавки, со долгогодишно искуство во областа на јавните набавки, концесиите и јавно-приватното партнерство. Коавтор на повеќе книги, прирачници и брошури од областа на јавните набавки. Задолжена за следење на примената на законската и подзаконската регулатива за јавни набавки и предлагач на измени и дополнувања на истите.

Татјана Пешевска, дипл. екк. – Внатрешен ревизор, овластен државен ревизор, меѓународно Сертифициран (CIPFA) внатрешен ревизор, сертифициран обучувач за јавните набавки со долгогодишно практично искуство во спроведувањето на постапките за доделување на договори за ЈН.

КОЛКУ ИЗНЕСУВА КОТИЗАЦИЈАТА ЗА УЧЕСТВО?

Котизацијата за учество на работилницата изнесува **5.450 денари + 18% ДДВ.** Во цената е вклучено кафе, вода и ручек. Работилницата на отворено ќе се одржи согласно Протоколот за организација на обуки пропишан од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Дополнителен попуст – за две или повеќе пријавени лица од иста институција, **следува попуст од 10%.**

КАКО ДА СЕ ПРИЈАВИТЕ ЗА УЧЕСТВО НА РАБОТИЛНИЦАТА?

Пријавувањето за учество на работилницата се врши најдоцна **до 7 јуни 2021 г. (вторник)** со пополнување и испраќање на »**ПРИЈАВНИОТ ЛИСТ**« на следната електронска пошта: info@simpozion.mk.

За сите дополнителни прашања и/или потребни информации во врска со работилницата, Ве молиме, слободно контактирајте нè на **тел. 078 271 576** или на официјалната имејл адреса.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Сите учесници ќе добијат:

- ✓ сертификат за учество на работилницата,
- ✓ работни материјали од работилницата.

SYMPOSION

НАРАЧКА НА КНИГА

Доколку сакате да обезбедите примерок од книгата „ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ НИЗ ЈАВНИТЕ НАБАВКИ“, во авторство на Рита Глигоријевска, Марија Јованоска, Александар Аргировски и Горан Давидовски, по цена од 5.950,00 денари со вклучен ДДВ, Ве молиме пополнете го образецот за нарачка кој може да го преземете од линкот погоре и доставете го на следната електронска адреса: info@simpozion.mk.

ИНФОРМАЦИИ ЗА УПЛАТА НА КОТИЗАЦИЈА

Примач: СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје

Адреса: ул. Франклин Рузвелт 54/1-16

Сметка бр.: 210071635330103

НЛБ Тутунска Банка АД Скопје

ДБ за ДДВ: МК4080016561868

Контакт тел.: 078 271 576